ЗАПИСНИК

Записник од одржаната Јавна расправа за Студија за оцена на влијание врз животна средина за спроведување на проектот "Национален гасификационен систем во Република Македоија, Делница 1 Клечовце - неготино, крак до ТЕЦ Неготино ", Одржана на 09.04.2012 (понеделник) во сала за состаноци на Општина Карбинци со почеток во 10.00 часот

На ден 09.04.2012 година, сала за состаноци на Општина Карбинци, се одржа Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот "Национален гасификационен систем во Република Македоија, Делница 1 Клечовце - неготино, крак до ТЕЦ Неготино ". Јавната расправа која ја организира Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со инвеститорот Министерство за транспорт и врски , започна во 10:15часот.

Присутни:

- Зоран Бошев, Раководител на одделение за оцена на влијание врз животна средина од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);

- Билјана Спироска, советник во Одделение за оцена на влијание врз животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);

- Слободанка Спировска, претставник од страна на инвеститорот Министерство за транспорт и врски;

- М-р Магдалена Трајковска Трпевска, одговорен експерт за оцена на влијание врз животната средина и одговорна за Студијата за ОВЖС;

- Љубомир Ивановски, експерт за оцена на влијание врз животната средина и одговорна за Студијата за ОВЖС;

- Представници од страна на Општина Карбинци;

- Засегната граѓани (Листа на присутни дадени во Прилог).

Јавната расправа се одвиваше по следниот Дневен ред:

1. Отварање - Јавната расправа ја отвори Билјана Спироска, советник за оцена на влијание врз животна средина во Министерството за животна средина и просторно планирање. По претставување на присутните претставници од страна на министерството, инвеститорот и изготвувачот на Студијата им даде збор на Експертите на Студијата да извршат презентација на Студијата.

2.Презентација на студијата за оцена на влијанието врз животната средина

Презентацијата на студијата беше извршена од страна на Магдалена Трајковска Трпевска и Љубомир Ивановски

Гасоводот – делница 1 Клечовце–Неготино со крак до ТЕЦ Неготино, претставува дел од комплексниот гасификационен систем кој треба да се воспостави на целата територија на РМ

Со изгрдба на проектот и употреба на природниот гас значително се смалува емисијата на загадувачките супстанции во воздухот особено доколку неговото користење е замена на електричната енергија добиена од јаглен.

Делницата Клечовце-Неготино е со должина 96,59 km и со пречник на цевководот од DN 500 mm, а кракот Неготино-ТЕЦ Неготино е со должина 4,78 km и со пречник DN 400 mm. Трасата на Делницата 1 започнува од приклучокот на постоечкиот гасовод „Деве Баир-Скопје“ кај месноста Клечовце, Кумановско и завршува кај приклучната точка со мрежата за пренос на гас за градот Кавадарци, додека трасата на кракот Неготино-ТЕЦ Неготино започнува од приклучокот со делницата Клечовце-Неготино и завршува во стопанскиот круг на термоелектричната централа Неготино.

На гасоводната делница ќе бидат изградени и главни мерно регулациони станици (ГМРС). Тие се проектирани во непосредна близина на градовите. Од нив да се врши снабдување со природен гас на индустриските објекти и за широка потрошувачка низ дистрибутивната градска мрежа.

Во проектот разгледувани се  оперативната фаза (нормално рабоење , поправка и замена) и престанокот на работа

При изработката на планска и проектна документација со која е предвидена изведба на проекти за кои се врши ОВЖС, нужно внимание беше обрнато на споредбената анализа за алтернативните решенија кои биле земени во предвид од страна на инвеститорот, вклучувајќи ја и нултата алтернатива, односно алтернативата без спроведување на проектот.

Во Студијата анализирани се можните влијанија во фаза на градба и фаза на работа од : топографија и геологија, површински и подземи води, воздух, почва, отпад, флора и фауна, бучава и вибрации, население и човеково здравје, предел и визуелни ефекти, археолочко и културно историско наследство и социјалните елементи на животната средина.

Соодветно на влијанијата, односно на причините кои допринесуваат овој Проект да има негативни влијанија врз животната средина, предвидени се мерки за намалување на овие влијанија. При определувањето на мерките за намалување на негативните влијанија на проектот врз животната средина, најпрво се разгледувани техничко-технолошки и организациони решенија кои ги нуди проектната документација, а кои би можеле да бидат разгледувани како вградени мерки за заштита, намалување и неутрализација на негативните влијанија. Потоа, како дополнителни мерки се предложени активности кои треба да се превземат во текот на фазата на изградба или во оперативната фаза, соодветно на тоа каде се јавува разгледуваното влијание. Мерките за намалување на негативните влијанија на проектот врз животната средина се превидени за топографија и геологија, површински и подземи води,

воздух, почва, отпад, флора и фауна, бучава и вибрации, население и човеково здравје, предел и визуелни ефекти, археолочко и културно историско наследство и социјалните елементи на животната средина

Генерални заклучоци за проектот се

Емисиите во воздухот за време на изградбата ќе се јават како резултат на издувните гасови од градежната механизација  Во состав на овие емисии ќе се јават загадувачи како на пример SOx, NOx, CO, VOC итн. Генерално се очекуваат ниски концентрации. Се очекува и појава на прашината која ќе се генерира за време на изведбата на гасоводот, а  ќе се јави како резултат на земјените работи и активности при подготовка на теренот, изградба на пристапни патишта, расчистување, ископување, рамнење и слично. Ефектите од овие влијанија се очекува да бидат од локално и краткорочно значење.

Во текот на изградбата на гасоводот се очекува негативно влијание врз флората и фауната кои се наоѓаат на просторот на градежниот опфат. Заради можното деградирање на живеалиштата и прекинување на ареалите на движење, се очекува раселување на дел од животинскиот свет во околниот предел со исти особености. Главно, влијанијата се очекува да бидат поизразени при изградбата и тоа краткорочно и локално. Во оперативната фаза, не се очекуваат позначајни негативни влијанија врз растител¬ните видови, растителните заедници и хабитати, како и во однос на копнените животни (водоземци и влечуги) и најголемиот број  од инсектите.

Во Студијата се предложени мерки за намалување и неутрализирање на негативните влијанија. Тие ќе бидат вклучени во сегашниот проект и идните подпроекти кои ќе следуваат, сé со цел да се заштити, намали и ублажи негативното влијание врз животната средина и здравјето на луѓето. Барањата за следење (мониторинг) се во согласност со законската регулатива и податоците добиени од мерењата ќе се користат за проверка на постигнувањата во однос на предложените мерки.

Имајќи ги во предвид извршените анализи и опсервации, користејќи ги при тоа сознанијата од соодветната законска регулатива, како и научните и стручни сознанија за методите за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина, генерален заклучок е дека овој проект нема да доведе до значително нарушување на квалитетот на животната средина, со негова изградба и инсталирање на предвидената опрема, како и со целосно имплементирање на мерките за намалување (ублажување) на влијанијата врз животната средина и планот за непредвидени незгоди.

3.Дискусија

Бидејќи никој не се јави за дискусија јавната расправа ја затвори Билјана Спироска во 11:00 часот.

Записничар:

Билјана Спироска

| Листа на присутни лица на Јавната расправа за Проектот: “Национален гасификационен систем во Р. Македонија за делница 1 , Клечовце - Неготино со крак до ТЕЦ Неготино“, одржана во Карбинци на 09.04.2012 година во 13.00 часот | | | |
|---|---|---|---|
| Р. бр. | Име и презиме | Институција | |
| 1 | Бијана Спироска | МЖСПП | 076-455-427 b.spirovska@moepp.gov.mk. |
| 2 | Зоран Бошев | МЖСПП | 076-445-894 z.boshev@moepp.gov.mk |
| 3 | Делче Стоилов | Општина Карбинци | 072-275-501 delce.stoilov@yahoo.com |
| 4 | Даниела Стојанова | Општина Карбинци | 070-335-971 daniela_s@live.com |
| 5 | Цветанка Јакимова | Општина Карбинци | 072-275-502 |
| 6 | Зоран Манев | ОП „Плачковица“ О. Карбинци | 072-275-525 zoran.manev@hotmail.com. |
| 7 | Салтир Никовски | ЕЛС Карбинци | 072-275-532 saltirnikovski@yahoo.com |
| 8 | Адриана Велинова | О. Карбинци | 072/275-505 adrianavelinova@yahoo.com |
| 9 | Даниела Минова | О. Карбинци | 072/307 977, dminova@yahoo.com |
| 10 | Наташа Соколова | О. Карбинци | 072/316-943 natesokolova@yahoo.com |
| 11 | Наталија Костова | О.О.У. „Страшо Пинџур“ | 072/275-621 nate_kostova@hotmail.com |
| 12 | Марина Богданска | ООУ „Страшо Пинџур“ | 072/275-542 |
| 13 | Лилјана Трендафилова | ООУ „Страшо Пинџур“ | 072/275-526 liljana.trendafilova@yahoo.com |
| 14 | Слободанка Спировска | МТВ | slobodanka.spirovska@mtc.gov.mk 3145437 |
| 15 | Н-зо Јонев | С. Радање | 071 052 628. |
| 16 | | | |
| 17 | | | |
| 18 | | | |
| 19 | | | |
| 20 | | | |
| 21 | | | |
| 22 | | | |
| 23 | | | |
| 24 | | | |